*„Верувањето во фактот дека можете да имате прекрасна кариера е само еден чекор пред нејзиното постигнување“*
*Сен Ајкен*



# БИДЕТЕ НАШАТА ИДНИНА ДЕНЕС

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – лидер на пазарот на пензиското осигурување во Република Северна Македонија, препознатливо по своите етички принципи, висока стручност, професионалност и транспарентност во работењето, има потреба од вработување на едно лице на позицијата деловен секретар и асистент на Управниот одбор.

Работниот однос се заснова на определено работно време од 6 месеци, со можност за негово продолжување. Работното време е 40 работни часа, секој работен ден од понеделник до петок.

Висината на платата е предмет на договор.

## Опис на работните обврски:

- Изведување на секретарска работа на членовите на Управниот одбор;
- Прифаќање и комуницирање со странките и деловните партнери;
- Организирање на канцелариското и архивското работење на Друштвото;
- Водење на архиви;
- Организација и координирање на деловните состаноци и службени патувања за членовите на Управниот одбор;
- Координација на работата во одделот на Секретаријатот.

## Потребни квалификации:

- Минимум средно образование (општествена, економска, правна или др. насока);
- Претходно работно искуство е потребно.

## Потребно е кандидатот да поседува:

- Напредни вештини во MS Office;
- Комуникациски вештини - говорни и писмени;
- Проактивност, самоиницијативност и доверливост;
- Лична одговорност и интегритет;
- Подготвеност за учење и професионално усовршување.

Друштвото Ви нуди флексибилна и пријатна работна средина, како и можност за дополнителна обука и професионална надградба.

Доколку сте подготвени да ја креирате Вашата иднина денес, Ве охрабруваме да се приклучите на нашиот тим.

Вашата биографија ја очекуваме на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** најдоцна до **25.03.2023.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју. Друштвото го задржува правото да не ангажира ниту еден кандидат од пријавените на конкурсот.

За дополнителни прашања, можете да стапите во директен контакт со КБ Прво пензиско друштво: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** или на тел.: **02/3243-777.**

## Напомена:

Согласно Законот за заштита на личните податоци, со доставувањето на Вашата биографија за идните потреби на Друштвото, согласни сте вашите лични податоци да бидат предмет на обработка од страна на Друштвото, за потребите на користење во процесот на селекција на кадри. Друштвото Ве известува дека Вашите лични податоци нема да бидат користени за ниедна друга цел, освен наведената, ниту пак, би биле достапни на трети лица, односно Вашите лични податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци.

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk